Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 13 став (1) а во врска со член 17 став (5) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16), член 10 став (6) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), член 5 и 13 од Методологијата за определување на тарифите за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.63/17), Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена бр.01-1421/1 од 21.08.2017 година и постапувајќи по Барањето за покренување на постапка за измена на Решението за утврдување на тарифа за водна услуга поради измена на Планот за прилагодување на тарифи на ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово бр. 09-07/3 од 05.01.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр. 08-149/17 од 12.01.2018 година, на седницата одржана на ден 28.02.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење**
**или водоснабдување на ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово за регулиран период 2018-2020 година**

1. На ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово се утврдува просечна тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тоа:
   - за 2018 година во износ од 19,13 ден/m³;
   - за 2019 година во износ од 19,07 ден/m³;
   - за 2020 година во износ од 20,16 ден/m³.

2. Се утврдува опсег на висината на тарифата:
   - минималниот и максималниот опсег за 2018 година изнесува 1,54%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2019 година изнесува 3,41%;
   - минималниот и максималниот опсег за 2020 година изнесува 4,83%.

3. Се задолжува давателот на водната услуга од точка 1 на ова решение да ги исполни условите од Планот за прилагодување на тарифи за водни услуги согласно кои се пресметува минималниот и максималниот опсег на висината на тарифата за водната услуга.

4. Утврдената тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа важи за регулиран период 2018-2020 година.

5. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување со предлог тарифа за регулиран период 2018 – 2020 година, бр. 09-261/1 од 15.09.2017 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08-149/17 од 18.09.2017 година.

Согласно член 19, став 1 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика на 20.11.2017 година одржа подготвителна седница.

Согласно член 20 од Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика на 24.11.2017 година одржа редовна седница на која донесе Решение за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово УП1 бр. 08-149/17.

На 12.01.2018 година ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово согласно член 17 од Законот за цени на водните услуги до Регулаторната комисија за енергетика достави Барање за покренување на постапка за измена на решението за утврдување на тарифата за водна услуга поради измена на Планот за прилагодување на тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, бр. 09-07/3 од 05.01.2018 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08 -149/1 од 12.01.2018 година. Кон Барањето е доставена следната документација:

1. Прилог 1 - пополнет образец БТВУ;
2. Барање за утврдување на тарифа за водна услуга - пропратно писмо;
3. Прилог 2 - изјава за веродостојност на барањето и поднесените податоци и документација;
4. Прилог 3 - План за прилагодување на тарифите за водни услуги со предлог тарифи за водни услуги;
5. Бизнис план за водни услуги за период 2018 - 2020 година на ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово, од Јануари 2018 година;
6. Прилог 4 - пополнета листа на главни индикатори за успешност и цели за исполнување;
7. Решение за упис на основање од Основен суд Штип од 23.10.2001 година;
8. Извештај за материјално – финансиското работење на ЈПКД ОГРАЖДЕН за 2014, 2015 и 2016 година.

ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово до Регулаторната комисија за енергетика на 22.01.2018 година дополнително достави:

1. Барање за покренување на постапка за изменување на Решението за утврдување на тарифа за водна услуга поради измена на Планот за прилагодување на тарифи, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08 -149/1 од 22.01.2018 година - пропратно писмо.

Регулаторната комисија за енергетика на 01.02.2018 година побара од ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово да достави дополнување на Барањето за покренување на постапка за измена на решението за утврдување на тарифата за водна услуга поради измена на Планот за прилагодување на тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, бр. 09-07/3 од 05.01.2018

година, во кое ќе бидат наведени причините поради кои се доставува промена на Планот за прилагодување на тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр.08 -149/1 од 12.01.2018 година.

ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово постапи согласно на Барањето од Регулаторната комисија за енергетика и на 09.02.2018 година достави Дополнување кон Барањето за покренување на постапка за изменување на Решението за утврдување на тарифа за водна услуга поради измена на Планот за прилагодување на тарифи (УП1 бр.08-149/1 од 22.01.2018 година) во кое беа наведени причините кои довеле до промена на Планот за прилагодување на тарифите за водни услуги. Согласно даденото образложение и податоците од Прилог 3 од Барањето, претпријатието со ова Барање има извршено нова алокација на заедничките трошоците по секоја услуга одделно и како резултат на тоа се зголемува трошокот за бруто плати за сите години од регулираниот период.

На 19.02.2018 година, ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово до Регулаторната комисија за енергетика дополнително достави Одлука согласност за поднесување на барање за утврдување тарифа донесена од страна на УО на ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово од 13.12.2017 година.

**Доставени податоци**

ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово во Барањето ги има презентирано следните податоци:

- Податоци за трошоците во базната 2016 година:

| Опис | 2016 |
|---|---:|
| Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 2.730.816 |
| Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства | 917.992 |
| Трошоци за осигурување на основни средства | 22.921 |
| Бруто плати | 4.375.853 |
| Други услуги | 0 |
| Останати и вонредни трошоци | 0 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 0 |
| **Вкупно оперативни трошоци** | **8.047.582** |

- Податоци за регулираниот период :

| | Ед.мерка | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---:|---:|---:|
| Оперативни трошоци | денари | 8.456.268 | 8.859.611 | 9.079.093 |
| Амортизација | денари | 296.728 | 227.200 | 635.672 |
| Средства за ликвидност | денари | 178.803 | 191.338 | 209.527 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 0 | 9.225.000 | 0 |
| Принос на регулирани средства | денари | 187.138 | 480.074 | 761.599 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 1.223.835 | 1.321.742 | 1.401.046 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 7.895.102 | 8.436.481 | 9.284.846 |
| **Испорачана количина на вода** | $m^3$ | 392.655 | 404.659 | 416.804 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 19,64 | 20,02 | 21,11 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 19,18 | 19,19 | 19,95 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 20,11 | 20,85 | 22,28 |

Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-414/1 од 26.02.2018 година, свика подготвителна седница со предмет на разгледување предлог текст на Решение за утврдување на тарифа за регулираниот период 2018 – 2020 година.

На 28.02.2018 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Градоначалникот на општина Босилово, Државниот инспекторат за животна средина, Заедницата на единиците на локална самоуправа - ЗЕЛС, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Здружението на даватели на комунални услуги - АДКОМ, Организацијата на потрошувачи на Македонија, како и претставници од Советот за заштита на потрошувачите.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика, присуствуваа претставници на ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово, Сојузот на стопански комори на Македонија и Здружението на даватели на комунални услуги – АДКОМ.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

При анализа на доставените податоци во Барањето за покренување на постапка за измена на Решението за утврдување на тарифа за водна услуга поради измена на Планот за прилагодување на тарифи, Регулаторната комисија за енергетика ги прифаќа изнесените наоди од истото и по извршената анализа, го утврди следното:

| | **Ед.мерка** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|
| Оперативни трошоци | денари | 8.321.963 | 8.547.138 | 8.760.370 |
| Амортизација | денари | 296.728 | 227.200 | 635.672 |
| Средства за ликвидност | денари | 44.029 | 46.272 | 50.788 |
| Ново набавени средства и пуштени во употреба во текот на годината | денари | 0 | 9.225.000 | 0 |
| Принос на регулирани основни средства | денари | 187.138 | 480.074 | 761.599 |
| Останати приходи остварени при вршење на водната улога | денари | 1.223.835 | 1.321.742 | 1.401.046 |
| **РЕГУЛИРАН ПРИХОД (MAR)** | денари | 7.626.023 | 7.978.942 | 8.807.383 |
| **Количина** | $m^3$ | 392.655 | 404.659 | 416.804 |
| **Просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 19,13 | 19,07 | 20,16 |
| **Минимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 18,83 | 18,42 | 19,18 |
| **Максимална просечна тарифа** | ден/$m^3$ | 19,42 | 19,72 | 21,13 |

По извршената анализа на трошоците од базната 2016 година, Регулаторната комисија за енергетика за регулираниот период 2018 – 2020 година ги утврди следните оперативни трошоци:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 2.821.643 денари за 2018 година, 2.878.076 денари за 2019 година и 2.935.637 денари за 2020 година и се пресметани врз основа на остварените податоци за 2016 година

зголемени за предвидената стапка на инфлација од 1,3% во 2017 година и 2% за 2018, 2019 и 2020 година;

2. Трошоците за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување на основните средства се прифатени согласно Барањето и истите изнесуваат 955.079 денари за 2018 година, 1.031.485 денари за 2019 година и 1.093.374 денари за 2020 година;
3. Трошоците за осигурување на основните средства изнесуваат 23.847 денари за 2018 година, 25.755 денари за 2019 година и 27.300 денари за 2020 година;
4. Трошоците за бруто плати изнесуваат 4.521.394 денари за 2018 година, 4.611.822 денари за 2019 година и 4.704.058 денари за 2020 година и се пресметани врз основа на остварените податоци за 2016 година зголемени за предвидената стапка на инфлација од 1,3% во 2017 година и 2% за 2018, 2019 и 2020 година.

Амортизацијата на сопствените основни средства со кои се врши водната услуга изнесува 296.728 денари за 2018 година, 227.200 денари за 2019 година и 635.672 денари за 2020 година.

Средствата за ликвидност се пресметани на ниво од 0,5% од регулираниот приход на начин утврден согласно Методологијата и истите изнесуваат 44.029 денари за 2018 година, 46.272 денари за 2019 година и 50.788 денари за 2020 година.

Приносот на регулираните основи средства за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување за 2018 година изнесува 187.138 денари, за 2019 година 480.074 денари и за 2020 година 761.599 денари. При пресметката на приносот земени се во предвид планираните инвестиции за 2019 година во износ од 9.225.000 денари.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика утврди просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување да изнесува 19,13 ден/$m^3$ за 2018 година, 19,07 ден/$m^3$ за 2019 година и 20,16 ден/$m^3$ за 2020 година.

При утврдување на просечната тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување, Регулаторната комисија за енергетика имаше во предвид цената на водната услуга да не го надминува прагот на достапност, одреден на ниво од 3% од просекот на вкупниот приход по домаќинство во подрачјето во кое се обезбедува водната услуга. Цената на водната услуга ги вклучува тарифата за водната услуга, надоместоците поврзани со користење на водите утврдени со Законот за водите или со друг закон, како и даноците утврдени со закон.

Минималниот и максималниот дозволен опсег од утврдената вредност на просечната тарифа, кој ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово ќе го примени при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување изнесува 1,54% за 2018 година, 3,41% за 2019 година и 4,83% за 2020 година.

ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово при донесување на Одлуката за утврдување на тарифата за водната услуга снабдување со вода за пиење или водоснабдување треба да има во предвид дека минималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга и амортизацијата на сопствените основни средства, додека пак максималната просечна дозволена тарифа ги покрива оперативните трошоци на давателот на водната услуга, амортизацијата на сопствените основни средства, средствата за ликвидност, како и приносот на регулираните основни средства.

Регулаторната комисија за енергетика го задолжува ЈПКД ОГРАЖДЕН Босилово да води одвоена сметководствена евиденција за секоја водна услуга одделно и за секоја друга дејност која ја врши, а која не се смета за водна услуга, за времетраење на целиот регулиран период.

Решението на Регулаторната комисија за енергетика е конечно во управна постапка.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**<u>ПРАВНА ПОУКА</u>**: Против ова Решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, согласно член 13 став (15) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на РМ“ бр.7/16).

**УП1 бр. 08-149/17**
**28.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**